ОПШТИНА ПРОБИШТИП
*Ул.Јаким Стојковски бр.1*
*Тел:* ***032 48 31 31; факс: 032 48 30 47***
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ

**Бр. 10-707/3**
**од 19.08.2019 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и бр.168/18 год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Прбиштип за 2019 година со Одлука Број 26-1032/9 од 30.11.2018 год., објавена во „Сл.Гласник" на Општина Пробиштип Бр.17/2018 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог - Урбанистички план за село Лесново, КО Лесново, Општина Пробиштип

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира јавна презентација и јавна анкета по **Предлог - Урбанистички план за село Лесново, КО Лесново, Општина Пробиштип**, со Тех. број 12/2017 од јули 2019, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје.

Границите на планскиот опфат за Урбанистичкиот план за село Лесново, КО Лесново, го опфаќа селото Лесново, Општина Пробиштип, на подрачјето на КО Лесново и е дефиниран во 14 блокови.
-На **исток** границата на планскиот опфат се движи во југоисточен правец долж североисточните граници на КП Бр.923, КП Бр.925, КП Бр.926 и КП Бр.927, продолжува долж источната граница на КП Бр.2220 (постојна улица) до северната граница на КП Бр.992, потоа ја сече КП Бр.1293 (река) и продолжува долж нејзината југоисточна граница, продолжува по источен правец и ја сече КП Бр.1289 (пасиште) и североисточната граница на КП Бр.1307, потоа ја сече КП Бр.1289 и се движи јужно по дел од нејзината граница и продолжува по североисточните граници на КП Бр.1318, КП Бр.1317 и КП Бр.1316, потоа ја сече КП Бр.2221 (постојна улица) и продолжува по североисточната граница на КП Бр.1647 и југоисточните граници на КП Бр.1645 и КП Бр.1644, потоа се движи долж источната граница на КП Бр.2222 (постојна улица) и ја сече на најужната точка од КП Бр.1683 и продолжува по југоисточните граници на КП Бр.1682, КП Бр.1683, КП Бр.1687 и КП Бр.1688 се до најјужната точка од КП Бр.1707, почнувајќи од точката 52.

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
*Ул.Јаким Стојковски бр.1*
*Тел: **032 48 31 31;** факс: **032 48 30 47***
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ

-На **југ** границата започнува да се движи во југозападен правец по југозападната граница на КП Бр.1707, потоа ги сече КП Бр.2214 (река), КП Бр.1768 (пасиште) и КП Бр.1755 (постојна улица) и продолжува по нејзината западна граница, продолжува по југозападните граници на КП Бр.1760 и КП Бр.1757, потоа продолжува по јужната граница на КП Бр.1740 (постојна улица) и југозападната граница на КП Бр.2224 (река) КО Лесново, Општина Пробиштип.
-На **запад** границата започнува да се движи во северо западен правец, потоа ја пресекува КП Бр.2225 до југозападната крајна граница на КП Бр.1833 (постојна улица) и продолжува по нејзината северозападна граница се до пресекот со КП Бр.1797 каде што се движи по нејзината југозападна граница, КО Лесново, Општина Пробиштип.
-На **север** границата се движи во источен правец долж североисточната граница на КП Бр.1785 се до пресекот со КП Бр.1162 каде што продолжува по западните граници на КП Бр.1162, КП Бр.1163, КП Бр.1165, КП Бр.1168 и КП Бр.1167 се до пресекот со КП Бр.2212 (река) и КП Бр.1171 (постојна улица) и поминува долж границите на КП Бр.1177, КП Бр.1178 и КП Бр.1192, ја сече КП Бр.913/1, КП Бр.1196 и КП Бр.1091/1, потоа се движи долж северозападната граница на КП Бр.1190, ја сече КП Бр.1085, па продолжува по нејзината источна граница, потоа се движи долж границите на КП Бр.1081/1, КП Бр.1076, КП Бр.1077, КП Бр.1078 и КП Бр.1079, продолжува по северозападната граница на КП Бр.2213 (постојна улица), завршувајки во точката 52, КО Лесново, Општина Пробиштип.
Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **П=50,00 ха**.

ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА
со стручно презентирање на

**Предлог - Урбанистички план за село Лесново, КО Лесново, Општина Пробиштип**, со Тех. број 12/2017 од јули 2019, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе се одржи на ден **15.10.2019год.** (вторник) со почеток во **11.30** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата - Пробиштип.

**ЈАВНА АНКЕТА по**

**Предлог - Урбанистички план за село Лесново, КО Лесново, Општина Пробиштип**, со Тех. број 12/2017 од јули 2019, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе трае **5** (пет) **работни дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **14.10.2019 год.** **до 18.10.2019 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на **анкетните листови**, кои можат да ги подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од ***web*** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем ***е-***

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

*Ул.Јаким Стојковски бр.1*

*Тел: **032 48 31 31;** факс: **032 48 30 47***

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ**

***urbanizam.*** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од **Предлог - Урбанистички план за село Лесново, КО Лесново, Општина Пробиштип,** ке биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, во информацискиот систем ***e-urbanizam*** и на ***web*** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со Деталниот урбанистички план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат.

Изготвил: Ј.Дукоска диа

Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip:4022005104678, serialNumber=CRT3550993, cn=Jordanka Dukoska
Date: 2019.10.02 09:25:23 +02'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2019.10.03 08:03:04 +02'00'

**м.п.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП

**Градоначалник**

Драган Анастасов

Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Date: 2019.10.04 12:04:16 +02'00'